

Во рамки на активностите за одбележување на годишнината од Илинденското востание, триесеттина членови на здружението „Христо Узунов” од Охрид, тргнуваат пеш преку Куратица, Дебрца, Илинскиот крај, Брезово за на 2 август да пристигнат на Мечкин Камен во Крушево, на централната свеченост што ќе се организира по повод националниот празник Илинден.

Претседателот на здружението, Никола Шишкоски, истакна дека оваа година маршот ќе има и меѓународен карактер, оттаму што на членовите на „Христо Узунов“ ќе им се придружат и претставници на македонските друштва „Илинден“ од Тирана и „Тоше Проески“ од Качарево кај Панчево.

